РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-695/4
26-04-2022

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 65-та седница одржана на ден 15.04.2022 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр. 08-5052/1 од 15.11.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5052/1 од 15.11.2021 година.

Предметот со број 08-5052/1 од 15.11.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-5052/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето Блерим Укали во законски предвидениот рок од 30 дена по престанок на функцијата член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, не поднел Анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до лицето Блерим Укали. Истиот на ден 10.02.2022 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Антонија А. Тасевска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk